

- Гипсот е потполно природен и здрав материјал. Гипсот е хемиски елемент кој содржи молекули на калциум, сулфур и кислород. Тоа е производ кој е составен од природни темелни елементи и кој после обработката ја задржува својата форма. Суровиот гипс се вади од каменоломот и се пече на температура од цц. 120 ° Ц – 180 °C со што се добива т.н. "штукгипс". Полихидрат и анхидрит се најбитните суровини за сите гипсени производи. Мешањето на гипсениот прав се изведува автоматизирано во фабриките (производство на гипсени плочи) или рачно на градилишта (гипсени смеси и лепила).

- Уште старите Египќани ја знаеле тајната на градење и декорација со гипс. Во меѓувреме поминаа 5000 години а тој како проверен градежен материјал е сеуште присутен во Вашиот стан, но и во медицината, стоматологијата, како доказ дека станува збор за навистина потполно здрав материјал. Ако го споредиме со човечката кожа може да се види дека дури и пх- вредноста на гипсот и на кожата е еднаква.

- Современиот потрошувач покрај високо квалитетниот производ, очекува и докази за здраствената сигурност и нештетност на материјалот што ќе го користи. Од таа причина се развиени карактеристиките за испитување на скоро сите производи, со кои може да се мери секојдневното безгрижно користење на испитаните и потврдените производи. Некогаш на биолошките и здравствените влијанија не им се придавало големо внимание, туку се испитувале и оценувале само техничките карактеристики на производот.

- Кнауф веке повеќе години ги испитува своите гипсани плочи, во Институтот за биологија на градењето (ИБР) во Розенхајм, Германија. И покрај тоа што биолошката сигурност на Кнауф плочата секогаш била без прашања, сметаме дека сепак потребно е континуирано испитување на сите битни биолошки својства на сите производи. Во Институтот ИБР се испитуваат биолошкото и здравственото влијание врз човекот како и екологичност на производите во производството и обработката. Според изјавата на Институтот сертификатот се издава само за производите кои „обезбедуваат здраво живеење и заштита на околината".

- ИБР сертификатот на еколошки свесниот потрошувач му дава можност за заштита од штетни градежни материјали во својата непосредна околина на живеење и му овозмозува избор на материјал со кој удобно се чувствува. На производителите на материјали со овој сертификат им се дава можност за подобрување на билошките и еколошките својства на сите производи. За Кнауф квалитетот и еколошките карактеристики не се празни зборови туку многу важен дел од деловната политика на претпријатието.

KNAUF